**20200140255**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јануари 2020 година.

Бр. 08-434/1
16 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 72/16, 142/16 и 233/18), член 116 точките 3) и 5) се менуваат и гласат:

„3) примање од права на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош, надоместок заради попреченост, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување, траен надоместок и еднократна парична помош) согласно со прописите од социјална заштита;

5) примања од правата за заштита на децата согласно со Законот за заштита на децата;“.

По точката 9) се додава нова точка 9-а), која гласи:

„9-а) примања од право на социјална сигурност за стари лица, согласно со прописите за социјална сигурност за старите лица;“.

Член 2

Во членот 117 став (1) по точката се додава нова реченица, која гласи:

„По исклучок, за граѓаните приматели на: плата до висина на просечна плата во моментот на изготвување на налогот за извршување, пензија до висина на просечната пензија, надоместок на трошоци за сместување на лице и надоместок за згрижување на згрижувачко семејство, како и за децата корисници на семејна пензија, извршувањето се спроведува до една петина на платата, пензијата, односно надоместокот.“.

**Преодни и завршни одредби**

Член 3

Извршувањата започнати согласно со одредбите од членовите 104 и 105 став (1) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) и членовите 116 и 117 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 72/16, 142/16 и 233/18), ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.